АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-588/1
21.08.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**До:** Друштвата за осигурување

**Предмет:** *Циркулар за Патничко осигурување*

Почитувани,

Агенцијата за супервизија на осигурувањето, согласно своите стратешки цели, е посветена на подобрување на положбата на осигурениците и корисниците на осигурителните производи и услуги, како и на подигнување на свеста за нивните права и обврски. Истовремено, Агенцијата во континуитет ги поттикнува друштвата за осигурување да воспоставуваат добри практики за навремено добивање на потребните информации, особено на оние од суштествено значење, како и проактивно известување и транспарентно работење, со цел заштита на правата на осигурениците.

Во таа насока, покрај другите активности, Агенцијата за супервизија на осигурување во континуитет врши анализа и на производите за осигурување кај различни класи/производи, при што е констатирано дека, генерално, друштвата за осигурување нудат фер услови за патничко осигурување за осигурување на осигурениците, соодветни на нивото на ризик. Сепак, Агенцијата за супервизија на осигурувањето смета дека дел од условите во полисите за патничко осигурување во одредени друштва за осигурување треба да претрпат измени, имено:

I. Заедничко за сите друштва за осигурување во условите за патничко осигурување е дека полиса може да се склучи само за лицето кое во моментот на склучувањето на осигурувањето престојува на територијата на Македонија[1]. Заради зачувување на репутацијата на друштвата за осигурување, како и заштита на осигурениците кои ex-post дознаваат дека не поседуваат валидна полиса за патничко осигурување

[1] Исклучок од ова правило се неколку друштва за осигурување, во кои полисата може да се склучи и да биде валидна и за време на престој на осигуреникот во странство, но исклучително само доколку осигуреникот го продолжи својот договор за осигурување најдоцна 24 часа пред истекот на претходната полиса, односно 24 часа пред истекот на последниот ден од неговото покритие.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
www.aso.mk

купена при престој во странство, Агенцијата за супервизија на осигурувањето препорачува овој услов да биде изменет, бидејќи предизвикува незадоволство кај осигурениците и ја нарушува довербата во осигурителниот систем.

Друштвата за осигурување апсолутно треба да имаат воспоставено механизми за проверка, заштита и контрола над потенцијалните ризици, но со укинување на можност за осигурување при престој во странство, потенцијалниот осигуреник е лишен од можноста за осигурување, со што се нарушуваат принципите на заемност и солидарност. Со ревидирањето на овој услов, заемен бенефит ќе имаат и друштвата за осигурување и осигурениците, бидејќи од една страна на тој начин ќе се зголеми довербата на осигурениците во друштвата за осигурување и во самиот продукт – патничко осигурување, а од друга страна ќе се зголеми и бруто полисираната премија преку зголемување на продажбата на патничко осигурување од лица кои заборавиле да склучат полиса на територијата на Македонија, а веќе отпатувале надвор од државата.

Кај оние друштва за осигурување кои сепак ќе одлучат да го задржат условот полисата да може да се склучи само за лицето кое во моментот на склучувањето на осигурувањето престојува на територијата на Македонија, Агенцијата препорачува одредени недоследности при онлајн продажбата на полиси за патничко осигурување да се усогласат, и тоа:

- При онлајн продажбата на полисите за патничко осигурување, системот за онлајн купување на полисата во друштвата за осигурување дава опција да се купи полиса и при престој во друга држава. Апликацијата нема поле кое на јасен и недвосмислен начин ќе ги предупредува клиентите дека полисата нема да е валидна доколку е купена во странство, со што на овој начин тие се доведени во заблуда дека поседуваат валидна полиса за патничко осигурување, уште повеќе што и при плаќање на премијата, трансакцијата непречено се реализира, без притоа да има нотификација и/или забрана за реализација на истата. Цениме дека ова би се избегнало доколку покрај задолжителните полиња кои се составен дел на онлајн апликацијата за патничко осигурување, би постоело и поле за *„престој*

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
www.aso.mk

*во странство"* или модификација на истото, кое доколку е селектирано, процесот за купопродажба не би можел да се реализира.

- Дел од друштвата за осигурување во условите ја немаат дефинирано онлајн продажбата на полиси иако истата е овозможена на нивните веб страници.
- Во дел од друштвата за осигурување, во условите каде што е предвидено враќање на премијата, недостасува опција за враќање на премијата при онлајн продажба на полиса за патничко осигурување за лицата кои истата ја купиле при престој во странство, бидејќи не по нивна вина, системот им овозможил таа да биде купена. Друштвата треба да воведат начин на проверка на исполнување на овој предуслов при прием во осигурување, а не при исплата на отштетно побарување.

II. Во дел од друштвата за осигурување, согласно условите за патничко осигурување, е предвидено дека полисата за осигурување нема правно дејство и осигурувачот нема никакви обврски по полисата, доколку осигуреникот:

1) навршил 65 години возраст на почеток на осигурување, а не платил дополнителна премија за лица над 65 години возраст, освен кај групните и бизнис полиси;

2) навршува 18 години за времетраење на осигурувањето, а осигурувањето било склучено со попуст;

3) полни 72 години во времетраење на осигурувањето, а осигурувањето било склучено претходно.

Наведените одредби во условите се во спротивност со одредбите од членот 978 став (1) од Законот за облигациони односи. Имено, членот 978 од Законот гласи: „Ако поинаку не е договорено, договорот за осигурување произведува свое дејство почнувајќи од дваесет и четвртиот час на денот што е означен во полисата како ден на почетокот на траењето на осигурувањето, па се до завршувањето на последниот ден на рокот за кој е договорено осигурувањето."

Имајќи го предвид гореневеденото, во моментот на склучување на договорот за осигурување, односно при прием во осигурување, потребно е Друштвата на потенцијалниот осигуреник да му понуди соодветно осигурително покритие со времетраење на договорот за осигурување согласно одредбите од условите врз

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut

основа на кои се склучува договорот за осигурување, а кои се однесуваат на возраста на потенцијалниот осигуреник.

III. Во дел од друштвата за осигурување, во условите за патничко осигурување полисата нема правно дејство и осигурувачот нема никакви обврски по истата, доколку договорачот на бизнис патничко осигурување нема писмено известување до осигурувачот за лицето што ќе патува, датумите на поаѓање и враќање најдоцна еден ден пред датумот на поаѓање и враќање. Согласно член 974 од Законот за облигациони односи ништовни се одредбите на договорот кои предвидуваат губење на правото на надомест или сумата на осигурувањето, ако осигуреникот по настанувањето на осигурениот случај не изврши некоја од пропишаните или договорените обврски. Од овие причини, наведениот услов треба да се укине или ревидира.

За постапувањето по дадените препораки и законски неусогласености на Условите потребно е да доставите известување до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, најдоцна до 31 октомври 2024 година на следниот емаил: izvestai@aso.mk.

Истовремено, Ве известуваме дека кон крајот на годината, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, на својата интернет страница ќе го објави прегледот со сите прифатени и изменети услови за патничко осигурување во друштвата за осигурување.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти**
**Крсте Шајноски**